**З А П И С Н И К**

**од 8-мата редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на 12.03.2026 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот. Со седницата претседаваше претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и се емитуваше во живо.

За работа на 8-мата редовна седница, претседателката на Советот Марија Чурлинова го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година;
2. Годишен Извештај на Општина Валандово за 2025 година;
3. Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2025 година;
4. Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година;
5. Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2025 година;
6. Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2025 година;
7. Завршни сметки на ЈОУ Дом на култура „25 Мај” за 2025 година;
8. Предлог – Одлука за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.„Никола Карев” во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово;
9. Предлог - Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;
10. Предлог - Одлука за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово” од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ;
11. Предлог - Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово“,
12. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово;

13. Предлог - Одлука за давање во закуп недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец.
14. Предлог - Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“
15. Предлог - Одлука за формирање на НВО Центар во Општина Валандово.
16. Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година образложение имаше Славица Тајтаева, вработена во одделението за финансирање и Буџет на Општина Валандово.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Надица Недиќ. Рече дека таа ќе дискутира за двете точки заедно и кога се дискутира за бројки, рече дека треба да се кажуваат сите бројки, а не само тие што одговараат за политички манипулации. Рече дека од Извештајот се гледа дека Општина Валандово нема кредити и долгови и на крај на годината имала 8 000 000 денари на сметката , а се вели дека нема средства. Има започнато проекти од 1000 000 евра и е во плус 132 000 евра. И тоа нема кредити, нема долгови и има 132 000 евра на сметка. Праша за 3 000 000 денари што се потрошени за проекти за граѓаните, дали тоа се потрошени средства за кафани или слично.

Славица Тајтаева уште еднаш ги појасни дека ова е консолидирана завршна сметка на сите институции и кредитиот што го има Општина Валандово од 2 800 000 денари се плаќа два пати годишно и тој не е изразен во завршната сметка туку само во Централен регистар и Државен завод за ревизија.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека долгот е 50 000 000 денари и тој долг не е направен сега, а салдото од 8 000 000 е затоа што пред Нова година стигнале 4 000 000 денари за плата од ДДВ кои не може да се исплатат пред 31.12.2025. Додаде дека сите проекти кои се работени освен 2 , не се платени. Долгот не значи дека е од 2025 година, но истиот е акумулиран. Ова завршна сметка е консолидиран буџет на цела Општина Валандово со институциите, не е основен буџет на Општината. Наброја неколку лошо изведени проекти, како што се: Фасада на кино сала(која паѓа), затворена вентилација, нема ладење и греење, искршени плочки на тротоарите, лошо изведени спортски терени

на двете училишта кои претставуваат опасност за граѓаните. Рече дека набрзо ќе има ревизија и Извештајот ќе биде доставено до Советот . Рече дека кога тој дошол на власт Општината ја затекнал со 200 000 денари, а од проектите ништо не платено и дека треба да се понесе одговорност за штетата која е направена, нарушена репутација на Општина Валандово бидејќи никаде ништо не се плаќало и сега има проблем затоа што на тендерите не се јавува никој. Ако се јави некој, дава висока цена и постапката паѓа. За проекти од 2024 и 2025 година не се плаќало ништо, набавените машини за ЈП Комунален сервис сега поминал грејс периодот и треба да се отплаќаат. Рече дека сега се одобрени средства од 1 000 000 евра во регионална патна инфраструктура во Општината. Изготвена е техничка документација за проект за реконструкција на водоводните мрежи во износ од 10 000 000 денари за населените места Јосифово, Удово, Г.Маала и Калково, ќе се направат напори за подобрување на спортската инфрастуктура.

Надица Недиќ се јави за реплика. Рече дека секоја општина има тековни обврски, но неа ја интересира дали општината има кредити и заеми и дека секако ќе дојде во општината да ги провери овие податоци.

Градоначалникот повтори дека долгот е 50 000 000 денари и дали е за кредити или за доспеани обврски нема разлика. Се набавило нешто пред 5 години и сега некој треба да го плати. Метларката од 1 500 000 денари не е во функција, не и се направил сервис, туку само импровизација. Воведена била бесплатна градинка, а долгот на градинката е 3-4 000 000 денари и сметката е блокирана, затоа што некој не ги завел фактурите од септември, пред изборите. Општината не платила 5,6 месеци за бесплатаната градинка.

Крсте Тодоров се јави за збор. За спортските терени дека не се функционални , рече дека такви се и во другите општини, а за безбедноста нагласи дека тоа е со пресметан ризик и секаде го има тоа, единствено кога е влажен теренот е опасен.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова рече дека малку се мешаат поимите, долг на општината и дефицит што не е исто.

Немаше други пријавено за збор и Годишна сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 2

По Годишен Извештај на Општина Валандово за 2025 година никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и со 14 гласа ЗА беше усвоен.

ТОЧКА 3

По Завршни сметки на СОУ„Гоце Делчев” Валандово за 2025 година образложение даде директорот на СОУ ,,Гоце Делчев,, Валандово, Милан Гугицев Валандово .

Немаше пријавено за збор и Годишна сметка на СОУ„Гоце Делчев” Општина Валандово за 2025 година беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 4

По Завршни сметки на ООУ„Јосип Броз Тито ” Валандово за 2025 година образложение даде одговорниот сметководител Валерија Димова .

Немаше пријавено за збор и истата беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 5

По Завршни сметки на ООУ„Страшо Пинџур” Јосифово за 2025 година образложение даде директорот на училиштето Антонио Дилберов .

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 6

По Завршни сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2025 година образложение имаше директорката на градинката Гордана Кочева.Рече дека сака да информира дека градинката е со сериозно нарушена финансиска состојбасо вкупен долг од 3 500 000 денари од кои 1 500 000 се за храна. Се соочи со блокирање на сметката поради долг за струја и граѓаните треба тоа да го знаат, грижата за децата и работата на градинката била доведена во прашање.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека на претходната седница се одобрија 1 000 000 денари за градинката, но најверојатно ќе треба да се одобрат уште за да се одблокира сметката. Фотоволтаиците на градинката кои се добиени во 2016 година не се во функција. Истите ќе се стават во функција, ќе се набават уште за Јосифово и Удово и ќе се намалат трошоците за струја. Рече дека во 2017 година кога се сменила власта, градинката имала 1 200 000 денари или 20 000 евра на сметката и без долгови. Сега на сметката има 100 000 денари и долг 3 500 000 денари.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека од граѓаните има реакција дека на вработените на кои им завршил договорот не им е продолжен. Меѓу нив е една вработена негователка од турската националност која е соодветна и е единствена Турчинка во градинката. Тој замоли да се води сметка и да се врати таа, бидејќи децата од турската националност се мали и не го познаваат македонскиот јазик и единствено преку неа можат да комуницираат.

Директорката на градинката Гордана Кочева рече дека договорите им се истечени на 31.12.2025 година и засега немаат потреба од нови вработувања поради финансиската состојба. Градинката рече дека е едно заедништво без разлика на националноста на вработените и е отворена за сите кои си ја работат работата.

Ерсан Фетиков се јави за реплика. Рече дека по Нова година родителите на децата од турската националност собирале потписи за да ја вратат вработената на работа и тој не верувал дека ќе им треба и ги чувал сеуште кај него. Рече дека треба да им се одговори на тие родители.

Градоначалникот се јави за одговор. Рече дека запознаен е дека се собирале потписи од родители, но за вработената од турска националност не е запознаен. Поради лошата финансиска состојба на градинката а и намалениот број на деца во овој период поради распуст и болести не се ангажирани нови. Рече дека забелешката е во ред. Кога ќе има услови ќе се направат напот да се вработат 1 или 2 негователки од турската националност. Инаку рече дека истото им се случи со вработените кои беа вработени под договор во 2017 година, кога им истече договорот беа избркани. Рече дека сака да ја запознае јавноста дека градинката во Брајковци по санирање на сите дефекти наскоро ќе биде отворена.

Ерсан Фетиков се заблагодари за тоа што бил сфатен и дека се надева дека ќе биде земена во обзир неговата забелешка.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 7

По Завршните сметки на ЈОУ Дом на култура „25 Мај" за 2025 година образложение имаше директорот Виктор Давчев.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлука за прифаќање на донација - Изведба на градежни работи - реконструкција на дел од тротоарска површина на ул.Никола Карев во Валандово од Друштво за трговија и услуги СЛОТ РЕНТ АС ДОО Валандово образложение даде градоначалникот. Рече дека оваа донација, треба да биде поттик за другите општествено одговорни компании да го следат примерот.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 9

По Предлог – Програмата за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година образложение имаше Ѓоко Аврамски. Рече дека станува збор за дополнување на веќе донесената Програма за ЛЕР со 26 паркинг места, забавен парк и пристапен пат, на еден запуштен простор кој ќе се уреди.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлуката за прифаќање на донација на техничка документација и ревидентски извештај за основен проект „Реконструкција на пристапна улица, парк и паркинг во Валандово" од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ; Повторно градоначалникот имаше образложение и воедно му се заблагодари на донаторот.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

ТОЧКА 11

По Предлог-Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Реконструкција на пристапна улица, паркинг и парк во Валандово,,, образложение даде градоначалникот Ѓоко Камчев. Рече дека се работи за 20 % сопствено учество на Општината во проектот.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена

ТОЧКА 12

По Предлог - Одлуката за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово двајца од советниците кои беа дел од истата, најавија дека ќе се изземат од гласање.

Немаше пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ и 2 ИЗЗЕМЕНИ истата беше усвоена.

ТОЧКА 13

По Предлог - Одлуката за давање во закуп недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.3678 КО Градец образложение даде градоначалникот.

За збор се јави Бранко Ѓоргиев. Рече дека е добро што некој пројавил интерес да го уреди овој неуреден и запуштен простор и треба да се даде поддршка за било што и да се пренамени.

Градначалникот даде ојаснување дека компанијата која пројавила интерес ќе го реновира и уреди во канцеларија за откуп на овошје и зеленчук за индустриски потреби и сака да го го земе на 7 години.

Немаше друг пријавено за збор и точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена

ТОЧКА 14

По Предлог- Одлука за сопствено учество во реализација на Проект„Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за Општина Валандово" градоначалникот даде појаснување. Рече дека ќе се набавува возило за ЈП Комунален сервис од Советот за развој на југоисточниот плански регион. Средствата

со вкупен износ од 4 950 000 денари треба да се набават од ЈПР -4 675 000 денари 272 500 од Општина Валандово.За ова рече дека постои и Одлука од Советот на ЈПР.

ТОЧКА 15

По Предлог - Одлука за формирање на НВО Центар во Општина Валандово градоначалникот даде појаснување. Рече дека се работи за простор во кино салата на првиот кат кој е уреден од општината и ќе може да го користат сите НВО од општината.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена

ТОЧКА 12

По Предлог – Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово за време на Велигденските празници, за деновите 11- ти и 12-ти април за 2 часа немаше пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоена.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

Денис Караелмазов праша кога се планира да се исплати надоместокот на изборните органи за Локалните избори во 2025 година, бидејќи помина доста време?

Градоначалникот одговори дека се работи за доста голем износ на средства , 4 200 000 денари кој беше определен од страна на ДИК, а сега треба Општината да го исплати. Од страна на ЗЕЛС информирале дека се работи за 24 општини кои сеупше го немаат исплатено надоместокот. Рече дека се надева дека ако се соберат доволно средства во Општината, во текот на месец април или мај ќе може да се исплати.

Немаше други советнички прашања и седницата беше заклучена.

Совет на Општина Валандово

Претседател

Марија Чурлинова

Записничар

Соња Христова Јовановиќ